# ПРОГРАМСКИ НАСОКИ
# За работата на Синдикатот на УПОЗ во период 2016-2021 година

Како доброволна и интересна организација на вработените од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани, а поаѓајќи од досегашните остварувања во изминатиот период, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (Синдикат на УПОЗ), на своето Седмо собрание одржано на 12.12.2015 година во Охрид ги усвои следниве програмски активности за работа на Синдикатот на УПОЗ во периодот 2016-2021 година.

Како интересна и независна организација во која работниците се здружуваат заради остварување, застапување, преставување, унапредување и заштита на нивните економски, социјални и други поединечни и колективни права и интереси, Синдикатот ќе ја остварува и во иднина својата улога. Затоа целта на синдикалното организирање и дејствување е во насока на постигнување на силна преговарачка моќ на Синдикатот, не само во колективното преговарање, туку и во одбрана и заштита на правата и интересите на вработените, членови на Синдикатот.

Синдикатот на УПОЗ ќе дејствува самостојно и независно и ќе даде свој придонес во борбата за заедничките права и интереси од работен однос на членството на синдикатите здружени во ССМ, пред се за заштита на нивните права од работа и практикување на меѓународните трудови стандарди. Во таа насока ќе ги поддржиме и ќе даде свој придонес во реализацијата на сите стратегии, програми и акциски планови и мерки на ниво на држава преку механизмите на социјалниот дијалог.

Синдикатот на УПОЗ, покрај своите редовни задачи треба да учеството и во водењето на јавната политика како фундаментален концепт на макроекономијата. Тоа преставуваат вложување во креирањето на идните вредности, со што се постигнува поврзаноста меѓу синдикатот и процесите на утврдување применливи добра за граѓаните. Потврдата дека секое аналитичко истражување пред промената на јавните политики ги заменува вложените пари во знаење и дека добиените сознанија го занемаруваат значењето на парите, за Синдикатот (УПОЗ) го отвара прашањето за интеграцијата во процесите за применливоста на синдикалните политики во создавање современи јавни вредности и поврзување на индикаторите со инструментите на науката, културата, иновативноста и други, во испорачување на конкретни вредности кои според синдикатот се далеку од доволни, бидејќи најлошата мерка е нивната ефикасност во примена на истите. Демократијата е суштина на напредните (западни) општества и пазарот како начин на сфаќање и обликување на независноста, потикнувач на поединецот и подржувач на креативните синдикални сили, охрабрувач на иновативноста и преземање ризик, што значи, потребно е

организацијата како механизам со нов спектурм на идеи со одредување на агенди и процеси на извршување.

Поаѓајќи од значењето на ваквите начела, Синдикатот на УПОЗ и во наредниот период ќе биде посветен кон промоцијата, афирмацијата и заштитата на правата на членовите и ќе бара нивно доследно остварување како права кои произлегуваат и се гарантирани со Уставот на РМ. Затоа со своите активности Синдикатот ќе бара да учествува во креирањето на вкупните општествени односи особено на оние кои се однесуваат на економските - социјалните права кои се резултат на трудот.

Синдикатот на УПОЗ ќе го зачува и зацврстува своето вистинско место и позиција во општеството како репрезентативен синдикат во дејностите на управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани. Иако неговата позиција е институционално вградена и нормирана во Уставот, законите и колективните договори, заради неразвиениот социјален дијалог и опструкциите на властите во Македонија, Синдикатот мора да ја промени својата стратегија и неа да ја гради исклучиво врз принципите на рамноправен социјален партнер со цел да ја постигне потребната рамнотежа на интереси и социјална кохезија.

Притоа, во неговото делување треба да се имаат предвид и неговите специфичности во поглед на опфатот на организирањето на членството во јавната и државната управа, локалните самоуправи, агенциите, фондовите, правосудните органи и здруженијата на граѓани и секогаш да се поаѓа од тоа дека Синдикатот е независен, како од власт така и од политички партии, залагајќи се за еднаквоста на сите членови во остварување на нивните права, но и обврските кои произлегуваат од Статутот.

Синдикатот во своето дејствување како и досега, а особено во периодот кој следи ќе биде посветен на:

1. Унапредување на човековите права и слободи во остварување на социјалната правда на сите нивоа во државата и за таа цел ќе соработува со сите институции и владини и невладини организации;
2. Остварување на слободата на синдикалното дејствување, правото на доброволно зачленување и организирање на Синдикатот и создавање што подобри услови за работа и заштита при работа;
3. Праведно вреднување на трудот изразено преку исплатата на платите кои мора да бидат доволни за достоен живот на човекот и неговото семејство;
4. Достигнување на што е можно посилна преговарачка улога на Синдикатот спрема работодавачот, во преговорите и потпишување на колективни договори како и во социјалниот дијалог;

5. Синдикално оспособување на членството особено на синдикалните претставници преку семинари и советувања за прописите, колективно преговарање и синдикално организирање во заштитата при работа;
6. Зајакнување на Синдикатот со зголемување на бројот на членовите и што е можно поголема финансиска помош со доделување на материјална помош и позајмици;
7. Унапредување на работата на регионалните синдикални претставници и канцеларии со цел правото на помош и заштита на членовите да им биде подостапно и поефикасно;
8. Поттикнување на дружење низ разни стручни, културни, спортски и други полиња;
9. Успешна соработка со соодветните синдикати од странство која може да биде корисна особено за нашето побрзо вклучување на Република Македонија во европските економско и општествени процеси;
10. Зачувување и доследно спроведување на уставните начела на градење на социјална и праведна држава, прифаќање на меѓународните конвенции за синдикалните права и слободи и заштита на синдикалните права, за правата на работниците на синдикално организирање и колективните преговори.

Во претходниот период УПОЗ својата организациона и демократска структура ја прилагодуваше на потребите на реформираниот општествен амбиент, што значи неопходно е и натаму да ја развива синдикалната структура во насоки на брзо решавање на барањата на членството. Во таа смисла основните барања ќе бидат насочени на следните области на работа и делување.

## Социјално партнерство и колективно договарање

Во период кој следи, Синдикатот на УПОЗ ќе продолжи со практикување на социјалниот дијалог и постигнување на консензус со социјалните партнери при потпишување на колективните договори на сите нивоа. Иако досега многу мал број на синдикални организации имаат потпишано колективни договори, Синдикатот на УПОЗ ќе се обиде на секој начин да го избегне игнорирањето, забраната или минимизирање на позицијата на Синдикатот со цел да се исполни законската рамка за потпишување на колективните договори.

Во однос на колективните договори, Синдикатот на УПОЗ ќе се ангажира да се остварува суштината на колективните договори, со цел да се утврдат поголеми права и поволности на работата, во однос на оние кои ги утврдува законот. Основан задача на Синдикатот на УПОЗ ќе биде, да се склучуваат поединечни колективни договори на ниво на работодавач, со што сите организации ќе ја имаат комплетната помош од

Синдикатот на УПОЗ и ќе посредува и учествува во преговорите за нивно потпишување и спроведување на истите.

Во иднина Синдикатот на УПОЗ како репрезентативен синдикат и социјален партнер ќе залага за да биде вклучен и консултиран во донесувањето на клучните закони од економско - социјалната сфера, со што ќе се респектираат неговите аргументи, ќе се прифаќаат неговите ставови и целосно и непосредно ќе се применуваат работните права на членството.

## Права од работен однос

Во досегашниот период за Синдикатот на УПОЗ една од најзначајните цели беше остварувањето на правата од работен однос. За да се остваруваат на овие права Синдикатот на УПОЗ ќе презема мерки, ќе го охрабрува своето членство и ќе бара и преговара со работодавачите да ги почитуваат работничките права со што ќе придонесува за што порелаксирана работна атмосфера. Досегашната практика докажува дека синдикатот со свој правен тим, учествува во дисциплински постапки и судски постапки каде ги застапува и помага на своите членови да не бидат казнувани за права од работен однос.

Судските постапки кои ќе ги водиме за нашите членови и ќе бидат застапувани од страна на Синдикатот, најпрво ќе го искористиме законското право на мирно решавање, со договори, арбитража и посредување. Во случај на немање слух од страна на работодавачите, односно не исполнување и не почитување на Синдикатот како социјален партнер, ќе се премине и на порадикални мерки како прекин на работа, протест, предупредувачки штрајк и штрајк.

За одредени повреди на правата од работен однос ќе се реагира и преку Државниот инспекторат за труд, со што ќе се преземат сите расположливи мерки и активности за имплементација на законската регулатива од работно – правната област во практиката за надминувањето на проблемите кои се однесуваат на кршење на законските права на нашето членство.

## Методи и средства на синдикална борба

- Иако во изминатиот период, Синдикатот на УПОЗ се соочуваше со големи притисоци од политичките партии, раководители и поединци, тој и натаму остана и ќе биде непартиска, демократска и независна организација на сите членови, со основна задача да ги штити интересите на членовите, ќе се бори за пристојна работа, за подобри работни услови, подобра и праведна заработувачка, за

колективно преговарање и да обезбеди подобар животен стандард за неговите членови.

- Синдикалните организации на УПОЗ, ќе се фокусираат на ефективно и ефикасно работење, ќе се ангажираат за тимско работење и соодветен пристап и за креирање на целосната стратегија на Синдикатот на УПОЗ.

- Во однос на овие прашања, во периодот кој следи, голем акцент ќе се стави и на омасовување на синдикатот, односно пристапување на што поголем број млади луѓе, кои ќе бидат запознаени со правата и можностите кои ги нуди синдикатот преку лобирање и кампањи. Со тренд на пристапување на млади лица, ќе заживее и Секцијата за млади и преку неа ќе се реализираат барањата за водење и спроведување на мерки за отварање повеќе работни места за младите, со што ќе се спречи одливот млади кои го бараат своето работно место надвор од својата држава, со што ќе придонесат со своето знаење за изградба на подобро општество.

- Затоа, во наредниот период, конечно треба да се активира Секцијата на млади и да се состави тим кој ќе се обиде да обезбеди дополнителни финансиски средства преку проектите кои ги нуди Европската заедница.

- Во однос на финансиската моќ, и натаму за Синдикатот на УПОЗ основно средство на финансирање е синдикалната членарина, која е основен извор на финансирање. Со ваквиот начин на финансирање, Синдикатот на УПОЗ ќе може несметно да ги реализира зацртаните активности и да биде финансиски синдикат кој преку Солидарниот фонд и натаму на членовите ќе им се овозможува да добиваат неповратни средства по десетина основи и бескаматни позајмици за нивните потреби по основите предвидени со Правилникот за солидарен фонд.

- И во иднина како и досега, Синдикатот на УПОЗ ќе се залага за меѓународна соработка, која веќе подолг период ја има со сродните синдикати, за солидарност, размена на информации, во одредени ситуации и заедничко дејствување во заштитата на членовите.

- Синдикатот на УПОЗ и понатака ќе соработува со EPSU и PSI како нејзина членка и ќе дава свој придонес во активностите.

- Во областа на едукацијата, секоја година во период кој следи ќе бидат организирани синдикални школи, трибини, семинари, конференции кој заедно со странски или домашни организации ќе се обезбедат средства за едукација за натамошно решавање на нивните проблеми. За таа цел Синдикатот на УПОЗ ќе соработува со професори, експерти, кои своите искуства и гледишта ќе ги споделат со членовите на синдикатот.

- За остварување на добро информирање, Синдикатот на УПОЗ и натаму на својата интернет страница ќе известува за својата работа. Исто така освен информирањето по електронски пат, Синдикатот на УПОЗ со одржување на Прес конференции и соопштенија ќе придонесе за поголема информираност на членството и застапеност во јавноста. Освен досегашната практика на испраќање на електронска пошта до претседателите на синдикалните организации, во периодот кој престои ќе се обезбедат емаил адреси од сите членови во синдикалните организации со цел и тие да бидат благовремено известени за некои побитни настани и промени, но тоа ќе биде во соработка со претседателите на синдикалните организации. Ова ќе придонесе до поголема мобилизираност и информираност меѓу членовите.

## Односот кон органите на Власта

Синдикатот на УПОЗ и во наредниот период ќе ја продолжи комуникацијата со органите на власта на сите нивоа. Нашите активности ќе се однесуваат на преговорите околу потпишување колективни договори за административните и правосудните службеници и другите вработени во органите на управата и правосудните органи.

Во иднина синдикатот ќе мора да бара јавност во работата на власта и да биде вклучен и да има увид во буџетот, фондовите и другите јавни приходи и расходи.

Во Синдикатот на УПОЗ вистински интерес бил и ќе биде интересот на членството.